| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Воздухот живот значи |
| **Содржина на денот** | Чувајте ја водата |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Александра Стојановска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Со детето поразговарајте за веќе стекнатите здрави и безбедни навики, повторете ги заедно и потсетете го зошто е важно нивното секојдневно практикување. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со разговор за водата и воздухот, нивните карактеристики, и нивната незаменлива улога и важност во одржување и опстанок на живиот свет на нашата планета. Можете да разгледате фотографии, апликации,  и сликовници на темата.<br>Како вовед во активноста, направете вежби за правилно дишење и правилно земање воздух ( можете преку играта дување на балон).<br>Потоа, пуштете му ја на детето песната „Чувајте ја водата “, целата неколку пати до крај, а потоа обработувајте ја строфа по строфа. Пејте ја заедно со детето, при што внимавајте на јасната дикција и воедначување на гласот при пеењето. Предложете му на детето да ја пеете хорово, а потоа поттикнувајте го да ја пее индивидуално.<br>Активноста можете да ја продолжите со неколку интересни истражувачки активности :<br>- Потребни ќе ви бидат: сламка, проѕирна кеса, малку стиропор. Детето треба со сламката да дува во кесата ( која ќе има отвор само за сламката, и ќе биде наполнета со малку стиропор ). На овој забавен начин, самостојно ќе открива што се случува кога воздухот струи.<br>- Во два стаклени сада ставете вода ( во едниот студена, со коцки мраз, во другиот топла). На отворот на пластично |

| | |
|---|---|
| | шише ставете балон, а потоа шишето ставете го прво во студената вода, а потоа во топлата. Детето нека набљудува и , ќе забележи што се случува со студениот воздух, а што со топлиот. Балонот во студената вода ќе остане ист, и нема да се надува, додека во топлата ќе има промени...<br>Забелешка : Овие истражувачки игри и активности треба да се одвиваат задолжително со надзор на родител.<br><br>Користена песна „Чувајте ја водата“ од фестивал „Поточиња “ 2011 г.<br>Линк во прилог:https://youtu.be/00bcp4WZUI8 |